**1618.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 18/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.07.2009 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИТЕТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет за воведување на царинските постапки на Европската унија во Република Македонија (во натамошниот текст: Комитет)

### Член 2

Со Комитетот раководи директорот на Царинската управа на Република Македонија

### Член 3

Членови на Комитетот се претстваници од: Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министертво за транспорт и врски, Министерство за култура, Министерство за информатичко општество, Државен завод за статистика, Дирекција за радијациона сигурност, Министерство за финансии - Царинска управа, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за ветеринарство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство- Управа за семе и саден материјал, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство- Државен инспекторат за земјоделство, Министерство за здравство - Дирекција за храна, Министерство за здравство- Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерство за здравство- Биро за лекови, Министерство за економија- Биро за мертологија, Народна банка на Република Македонија, Претседателот на Национална комисија за интегрирано гранично управување, Државен завод за ститистика, АД „Аеродроми на Македонија“, ЈП Македонски железници - Инфраструктура, Македонски железници Транспорт АД и АД „Македонска пошта“.

По потреба, по одлука на Комитетот, а на покана на раководителот на Комитетот, на состаноците на Комитетот можат да бидат повикувани претставници од правосудните органи, Државното јавно обвинителство, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и други субјекти од општествен интерес, како и претставници на меѓународни организации и институции.

### Член 4

Комитетот има задача да ја координира работата на субјектите вклучени во процесот на воведување на царинските постапки на Европската унија преку спроведување на следните задачи:

- дава пердлози за потребата од усогласување на националното законодавство со законоадавстото на ЕУ за воведување на царинските постапки на ЕУ, врз претходно извршена анализа на постојните прописи,

- ги координира работите и дава насоки за развој и имплементација на новиот национален електронски систем за обработка на царински декларации (СОЦД) и компатибилноста за интерконекција со Новниот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ ( NCTS),
- поврзување со Новниот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ (NCTS),
- координирање на постапките и функционалностите на надлежните институции со цел за навремено, квалитетно воведување и функционирање на национален електронски систем за обработка на царински декларации според царинските постапки на ЕУ, и
- спроведува други кординативни активности од значење за процесот на воведување на царинските постапки на ЕУ во Република Македонија.

**Член 5**

Комитетот до Владата на Република Македонија доставува навремени извештаи за својата работа квартално, а по потреба и за пократки временски периоди.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3194/1
7 јули 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.